РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 35 став 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ” бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Гази Баба-Скопје, Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје** , државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од **24.02 ха,** со следните граници :

**Североисток:** собирна улица “Перо Наков”
**Југоисток:** сервисна улица “С5”
**Југозапад:** сервисна улица “С1”
**Северозапад:** сервисна улица “С3”

**Намена на земјиштето и градбите:**
А - Домување,
Б - Комерцијални и деловни намени,
В - Јавни институции
Г – Производство, дистрибуција и сервиси
Д - Зеленило и рекреација,
Е - Инфраструктура

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1", во рок од 20 работни дена и тоа почнувајќи од 29.09.2022 год. до 28.10.2022 год., секој работен ден од 8.00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 2, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **07.10.2022** год (Петок) со почеток во **10.00** часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Маџари 1".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови.

Бр. **28-3/3315/4**
од 20.09.2022година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК